РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-343/2
17-01-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Извештај
## за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Охрид за 2021

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1092/1 од 16.02.2021 година, на ден 10.09.2021 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Охрид.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Охрид од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставници на општината Охрид присутни при вршењето на надзорот беа Вера Рауник, Јасмина Трајковска Момироска, Хавза Реџеп Каќел, Суарта Амети, Сузана Баткоска.

*Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за <u>одобрување на елаборати за животната средина комисијата утврди дека:</u>* во општина Охрид законски се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина истите се одобруваат согласно постапката и за нив се води евиденција согласно пропишаниот регистар.

*По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за <u>издавање на Б интегрирани еколошки дозволи од страна на комисијата е утврдено дека</u>* согласно активностите кои произлегуват од Законот за животна средина општината ја спроведува целосно законски постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи како и нивно обновување, и за истите водат регистер. Имаат назначено одговороно лице за издавање на дозволите и за истото имаат изготвено овластување.

*<u>По однос на обврските согласно Законот за животна средина :</u>*

- Општината има изготвено ЛЕАП со рок на важност до 2025година.

-Нема формирано иницијативно тело за следење на имплементацијата на ЛЕАПОТ, извести дека ке биде формирано во наредниот период.

-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.

-Општината има донесено План за спроведување на инспекциски надзор за 2021 година, и за истиот редовно доставува извештаи.

-Има овластени инспектори двајца извршители за животна средина, кој поседуваат лиценца и легитимација.

-Општината се изјасни дека има воспоставено интегриран катастер на загадувачи на животната средина во 2019година

-Општината вршела мониторинг на амбиенталниот воздух со сопствени 11 сензори во рамки на мегународен проект реализиран во соработка со државниот инспекторат за животна средина.

-Информира дека има договор за меѓуопштинска соработка за вршење на инспекциски надзор со Општина Дебарца и Општина Вевчани.

-Редовно врши инспекциски надзори во областа на животната средина, има двајца овластени инспектори, кои доставуваат редовни годишни извештаи.
-Редовно ја информира јавноста за животната средина преку web страната и социјалните мрежи

*Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот*

- Општината има донесено План согласно член 17 став 2 за управување со отпадот за 2021-2023година.

-Има изработено и годишна програма за отпад

-На територијата на општината функционира ЈКП Охридски комуналец.

-Општината извести дека е во изработка на планска документација за изградба на претоварна станица на дел на кп 1219/1 КО Д.Лакочереј вон град.

-Прибира годишни извештаи со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање складирање, третман, преработка, отстранување и промет на отпадот согласно член 39 од ЗОУ.

-Има пропишано посебни правила- Комунален ред, Одлука за одржување на јавна чистота, како правила за постапување со комуналниот и со другите видови на неопасен отпад согласно член 46 од ЗОУ.

- Во општината порано било определено место за третман и отстранување на инертен отпад-Депонија Мауцкер, мегутоа сегља тој простор бил пренаменет во индустриска зона, инертниот отпад заедно со другиот отпад се носел во депонијата Буково.

-Мониторинг се спроведувал преку дневникот за евиденција за постапување со отпад и идентификационите формулари за транспорт и депонирање на отпадот, како и преку годишните извештаи на правни субјекти кои се задолжени за нивно изготвување согласно закон.

-Се прави селекција на отпадот, контејнери за батерии и електричен отпад се поставени.

- Општината нема основано посебна депонија и ја користи депонијата Мелци за складирање на неопасен и за инертен отпад согласно член 80 став 2 од ЗУО,

- општината води Катастар за својата територија, во кој се евидентираат создавачите на неопасен отпад согласно член 116 од ЗУО.

- Во општината имало регистрирно правно лице кое поседува Дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување, ЈП Охридски комуналец отпадот од пакување го досатавувал до овластени постапувачи за тој вид на отпад.

--Општината има склучено договори за со правни лица за: управување со отпад од пакување со Отпад Дооел Охрид, управување со отпадна електрична и електронска опрема- ЈП Охридски комуналец договор со Елколект (не поседува Дозвола за колективно постапување, истата е истечена, да се пристаи кон склучување на договор со правно лице кое имаваѓечка дозвола), а општина Охрид имала договор со Нула отпад Доо-Скопје, управување со отпад од батерии и акомулатори ЈП Охридски комуналец по потреба објавувале оглас за склучување на договор со фирми.

- Општината овозможува остварување на правото на пристап до јавни информации и јавно учество во донесувањето одлуки во областа на отпадот преку својата веб страна и на социјалните мрежи.

*Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Охрид, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за водите:*

- Општината има реализирано инспекциски надзор во областа на водите (согласно член 229)

-Општината има прибавено водно право дозвола за користење на вода согласно член 26 и 28, но нема прибавено Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.

-Општината има издадени Б интегрирани еколошки дозвола и истите немаат директен испуст во речното корито и се приклучени во колекторскиот систем, поради тоа не се задолжени инсталациите од страна на општината да остварат водно право за дозволи за користење и дозволи за издавање.

- Општината во прашалникот има одговорено дека нема потреба од нови заштитни зони, но за водните тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот нема доставено до Министерството за животна

средина и просторно планирање одлука за потребата за определување на заштитни зони за изворишта кои се користат за консумирање од страна на човекот, барање и Елаборат за определување на заштитни зони.
-Во општината се врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата, но не се врши пречистување согласно член 113 од ЗВ и во прашалникот има одговорено дека има донесено Развојна програма за изградба на системи за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води за 2021-2023.
-Општината ги исполнила обврските согласно член 116 и обезбедила ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман, а истото го утврдува од годишните извештаи кои во општината ги доставуваат инсталациите од нивните мерења.
- Општината има донесено План за заштита и одбрана од поплави изготвен и усвоен од страна на советот на општина Охрид со р. 08-1458/41 од 13.03.2020 и во прашалникот информирала дека во тек е изработка на нов План за заштита и одбрана од поплави. Општината превзема мерки за заштита и одбрана од поплави.
-Општината во прашалникот одговорила дека има Програма за заштита од штетно дејство на водите член 124 ЗВ, но истата не е доставена до Министерство за животна средина и просторно планирање.
-Во однос на ерозивното подрачје во нејзините граници и подрачјата загрозени од ерозија општината врши пошумување, чистење на поројниците и нивно регулирање. Има донесено план за пошумување на ерозивно подрачје, согласно член 141-мерки за заштита од порои, има изградено место за таложење на сите сливни подрачја пред да се вливаат во реципиентот, но Општината не определелила границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија согласно член 135 од ЗВ.
-Општината согласно член 143 од ЗВ не изработила, доставила и објавила извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
-Општината согласно обврските за определување на крајбрежен заштитен појас на водотеците ги регулира согласно детален урбанистички план, и врши проценка на ризик од поплави по потреба.
- Општината врши по потреба проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата согласно член 133.
- Општината нема воспоставено мониторинг за водни тела согласно член 145 ЗВ нема донесено Програма за мониторинг на водите и не доставува податоци согласно член 156 ЗВ.
-Водата за пиење ја обезбедуваат преку капитални извори и тиролски зафати на речни корита, заштита преку прогласување на заштитни зони чуварска служба.Општината има основано јавно претпријатие ЈП Комуналец за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење согласно член 185.
*Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Охрид, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од областа на заштита од бучава во животната средина :*
-Општината при издавање на одобренија за градба утврдуваат дали планските документи за објектот што се предмет за одобрение за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита одбучава согласно член 23 од ЗЗБЖС,
-Општината не води Катастар на создавачи на бучава согласно член 35 од ЗЗБЖС поради тоа што бучавата се случувала инцидентно, најчесто од угостителски објекти.
Општината нема склучено договор со овластено правно лице за мерење на бучава.
-Се соочуваат со предизвици и потешкотии во делот на регулирање на бучавата од цркви и џамии.

Во однос на систематизација на работни места на општината во делот на животната средина, во текот на надзорот беше образложено дека општината има одделение за заштита на животната средина каде што се предвидени 5 работни места и некои од нив се пополнети и одделение за управување со отпад во кое има вработено едно лице, и двајца овластени инспектори, но Раководителот на одделението за заштита на животната средина е пред заминување во пензија.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**

- Се препорачува вработените во одделението за заштита на животната средина и отпадот и понатаму да работат согласно законските прописи како и досега а за да можат да ги опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, *Законот за водите*, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина, потребно е да бидат вработени уште најмалку едно лице во одделението за животна средина, заради одржување на континуитет во работата а поради обемната материја и обврски кои што произлегуваат од неа и опфат на надлежностите согласно Законот за води.

-Да се продолжи со постапката за формирање на иницијативно тело за следење на имплементацијата на ЛЕАПОТ, и истата да биде што поскоро завршена.

-Да се достави годишен извештај за состојбата на животната средина до Министерството за животна средина и просторно планирање.

-Општината да ја исполни обврската согласно член 154 од ЗЖС, да донесе надворешен план за вонредни состојби, и истиот да се донесе во рок од 6 месеци.

***Во областа на отпадот комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:***

Општината да пристапи кон склучување договор со колективен постапувач со отпад од пакување .

***Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:***

- Општината да прибави Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.
- Општината потребно е согласно член 96 став 2 од ЗВ да донесе Одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот. Одлуката за потребата со барање и Елаборат за определување на заштитни зони потребно е да се достави до Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 од ЗВ се изработи Предлог одлука за заштитни зони која ќе ја донесе Владата на РСМакедонија . По донесување на одлуката од страна на Владата на РСМакедонија потребно е општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.
- Општината да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ и да донесе Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ.
- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.
- Согласно член 126 од ЗВ потребно е Планот за заштита и одбрана од поплави во континуитет да се изработува, да се доставува до Министерство за животна средина и просторно планирање како и да се спроведува истиот.
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината потребно е да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.

-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 136 и член 137 од ЗВ.

.-Општината потребно е да ги исполни и обврските од член 141 од ЗВ и да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.

-Потребно е согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.
- Се препорачува во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на одобрување на елаборати за заштита на животната средина, Б-интрегрирани еколошки дозволи, изготвување планови и програми за управување со отпад се со цел зајакнување на капацитетите за спроведување на законските прописи за заштита на животната средина на локално ниво.
-Во рок од 6 месеци Општина Охрид треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, година

Претседател на Комисија
Тања Кироска Филиќ_______________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:
Ирена Николовска, _______________
Сашко Илиќ, _______________

Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова, _______________
Даниела Наумоска, _______________